РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 06-08-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 - | 93/1 | | |

До: Општина Битола

## БАРАЊЕ

### ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барат[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Дали Општина Битола има донесено било каков посебен стратешки/програмски/акциски документ кој се однесува или вклучува здравствена заштита (доколку има да се достави електронска верзија од документот или линк каде истиот е објавен);
- Дали постојат одлуки на Советот на Општина Битола кои се однесуваат на секторот здравствена заштита во периодот 2023/2024 година (доколку има да се достави електронска верзија или линк каде се објавени);
- Колку средства од Буџетот на Општина Битола се издвоени за секторот здравствена заштита во 2023, а колку во Буџетот за 2024 и за што се истите наменети.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ___________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ___________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Благица Василевска
Раководител на одделение за правно-нормативни работи

Бр.11-93/2
06.08.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-93/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

06.08.2024

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

До

Одделение за јавни дејности

Бр.11-93/3
07.08.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-93/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

08.08.2024

Евгенија Чукалева

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено 09 -АВ- 2
Број 11-93/4

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

До
Евгенија Чукалева
Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер

**Предмет**: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето барање бр. 11-93/3 за пристап до информации од јавен карактер, врз основа на барање бр. 11-93/1 поднесено од [redacted] известуваме дека:

Во поглед на прашање под реден број 1 и 2 во рамките на проект финансиран со поддршка од Европската комисија и во Програмата за Социјална заштита, ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА РОМИТЕ 2 - Промоција на здравствената писменост кај Ромите преку тренирани здравствени медијатори и воспоставување на Центри за здравствена едукација на заедницата е донесен Локален здравствен акционен план на Општина Битола (линк од Службен гласник со одлука од Совет https://www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2022/07/SluzbenGlasnik_10_2022-003.pdf, документ во прилог) како официјален стратешки документ во Општина Битола.

Во поглед на прашање 3 согласно Програмата за Социјална заштита на Општина Битола реализирани се активности за 2023 и 2024 година во поглед здравствена заштита за поддршка на лица со ретки болести за патни трошоци до болница надвор од Битола и нивни потреби, односно финансиска поддршка на лица со ретки болести кои што се наоѓаат во незавидна положба за надминување на истата и на Центар за советување на деца роми и нивните родители, промовирање на здравствената писменост на Ромите од обучени здравствени медијатори и одржување на Центри за здравствено образование на Заедницата согласно проектот Еразмус, ангажирани ромски здравствени медијатори, Обезбедување на редовни бесплатни прегледи за социјално загрозени Роми, пружање на соодветна здравствена заштита и намалување на последиците врз нивното здравје, Организирање на информативни кампањи и средби со ромската заедница за подигнување на свеста за важноста од вакцинирање.

08.08.2024

Раководител на сектор за економски развој јавни дејности и информатичка технологија
м-р Снежана Петровска

Изработил:
м-р Симона Јовеска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 336 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за правно - нормативни работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 21.08.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 93/5 | | |

Бр.10-сл./1
20.08.2024 год.
Б и т о л а

До

- Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер-
-Евгенија Чукалева-

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање,**
**Врска: Ваш бр.11-93/2 од 06.08.2024 година**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено, под Бр.11-93/1 од 06.08.2024год., [redacted]е известуваме дека во основ на првото барање Општина Битола во последните години има донесено посебен локален здравствен акционен план за Роми на Општина Битола кој се однесува на здравствената заштита, додека во периодот 2023/2024 година не се донесени документи/одлуки од Светот на Општина Битола кои се однесуваат на здравствената заштита.

Во однос на останатите барања одделението за правно-нормативни работи не е надлежно да даде одговори.

<u>Во прилог Ви го доставуваме:</u>
-Заклучокот за усвојување Локалниот здравствен акционен план за Роми на Општина Битола, Бр.09-131/15 од 13.07.2022 година, објавен во Сл.Гласник бр.10/2022, додека за целосната верзија за Локалниот акционен план можете да се обратите до Одделението за јавни дејности.

Со почит,

Раководител
Благица Василевска
ВБ

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 12.07.2022 година, продолжение на ден 13.07.2022 година и продолжение на ден 18.07.2022 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## за усвојување Локален здравствен акционен план за Роми на Општина Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Локален здравствен акционен план за Роми на Општина Битола.

2. Заклучокот влегува во сила *наредниот ден* по *објавување* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-131/15
13.07.2022 г.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за формирање интерсекторска група за родова еднаквост на општина Битола

Се објавува Одлуката за формирање интерсекторска група за родова еднаквост на општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 12.07.2022 година, продолжение на ден 13.07.2022 година и продолжение на ден 18.07.2022 година.

Бр. 08-812/14
20.07.2022 год.
Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 7 и 8 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ" бр.6/2012) и врз основа на член 70 од Статутот на општина Битола („Службен гласник на општина Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на општина Битола на седницата одржана на ден 12.07.2022 година, продолжение на ден 13.07.2022 година и продолжение на ден 18.07.2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## за формирање интерсекторска група за родова еднаквост на општина Битола

**Член 1**

Со оваа одлука се формира интерсекторска група за родова еднаквост во општина Битола

**Член 2**

**За членови на интерсекторската група за родова еднаквост се именуваат:**

1. Анита Ангелевска - координаторка за еднакви можности
2. Викторија Христовска - зам. координаторка за еднакви можности
3. Снежана Петровска - рак. на сектор за економски развој, јавни дејности и ИТ
4. Венцо Шишкин - рак. одделение економски развој
5. Наташа Ташкова - пом. соработник во одд. јавни дејности
6. Благица Талевска - раков. одделение за буџетска координација
7. Аница Тантарова - рак. оддел. за ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност
8. Валентина Андријашевиќ Кривашија - раков. одделение за урбанистичко планирање и животна средина
9. Марјана Спасевска - рак. одделение комунални дејности и уредување градежно земјиште
10. Гордана Цветковска Бошевска - пом. сораб. спорт и спортски објекти

**Член 3**

Интерсекторската група за родова рамноправност има за задача да ги разгледува прдлог програмите што ги изготвуваат секторите и одделенијата и да даваат предлози за застапеност на родовата рамноправност во истите

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-93/6
21.08.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **06.08.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-93** од **06.08.2024 година**, каде бара информација дали Општина Битола има донесено документ кој вклучува здравствена заштита, дали постојат одлуки во Советот кои се однесуваат на сектор за здравствена заштита во 2023/2024, и колку средства од Буџетот се издвоени за здравствена заштита во 2023 и 2024? (детален опис во прилог на Решението)

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-93 на ден 06.08.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација дали Општина Битола има донесено документ кој вклучува здравствена заштита, дали постојат одлуки во Советот кои се однесуваат на сектор за здравствена заштита во 2023/2024, и колку средства од Буџетот се издвоени за здравствена заштита во 2023 и 2024? Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-93/1 од 06.08.2024.
2.Допис до Одделение за правно-нормативни работи со бр. 11-93/2 од 06.08.2024.
3. Допис до Одделение за јавни дејности со бр.11-93/3 од 07.08.2024.
4. Одговор од Одделение за јавни дејности со бр.11-93/4 од 09.08.2024.
5. Одговор од Одделение за правно-нормативни работи со бр. 11-93/5 од 21.08.2024.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 21.08.2024 година, под бр. 11-93/6.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА